Воислав КУШЕВСКИ

# ЗА ОДНОСОТ НА АТАНАС РАЗДОЛОВ КОН ВРХОВИЗМОТ

Се определивме за ова тема бидејќи и односот кон врховизмот на времето било едно од клучните прашања на националноослободителната борба на македонскиот народ. Со тоа тогаш бил преокупиран секој политички активен Македонец, а на времето по ова прашање и се препознавале личностите пред сè оние коишто времето на борбата и настаните за македонското дело, ги исфрлило на површината, особено откако таквата поларизација настапила, дури и се наметнала главно сред македонската емиграција во Бугарија. Зашто определувањето за „внатрешно" востание, за револуционерните патишта на таа борба надвор од Бугарија, Србија и Грција, кои како буржоаски држави воделе завладувачка политика спрема Македонија, значело: значајна афирмација на *самостојноста* на македонското облободително дело, што водело до вистинска слобода на македонскиот народ, до негова државност и натамошен самостоен *национален развиток*. Во крајна консеквенција, ваквата ориентација, на времето о б ј е к т и в н о ги определувало националната ориентација и националниот белег на македонската национална револуција од крајот на XIX и почетокот на XX век.

Како неодминлив и беспрекорен судија историјата го осудила (и тоа не само еднаш) врховизмот и врховистичкото крило во македонската борба за слобода.

*

* *

Од увидот во дејноста на Атанас Раздолов, добиваме впечаток дека една од неговите централни преокупации му била пред сè борбата против Османлиското царство на чело со султанот — „тиранинот што беснее на Босфорот", како што го наречува во една од своите бројни песни.

Впрочем, со тоа бил опфатен секој Македонец каде и да се наоѓал, било во Македонија или надвор од неа, бидејќи како определена историска созреаност и неминовност се поставувало на „дневен ред“ ослободувањето на Македонија. А со своите песни и прозни состави Раздолов ја одразувал општата расположба и стремежите на Македонците за слобода, за своја држава... Кон таа борба Раздолов ѝ приоѓа и ја третира од становиштата на неговата идејно-политичка определеност како социјалист, што се вбројува во социјалистичката група на Васил Главинов во Бугарија.[1]) (Што се однесува до Раздолов наспомнуваме дека кај него се присутни и извесни анархистички погледи).

Затоа се революционерен жар и тој е заговорник и ги повикува во борба сите чесни Македонци — со поента на жестоко противење да се биде понастрана од таа борба, да се очекува слободата од некој друг или дека таа сама ќе дојде, односно дека само с о  о р у ж ј е в рака ќе може да се постигне ослободувањето на поробената татковина Македонија. Затоа подвлекуваме дека е Раздолов пламенен приврзаник на оружена борба, со револуционерно-востаничко настроение.

Во таа смисла тоа с т р а с н о *се заложува за чистотата* на македонското дело, г о  б р а н и со сите свои сили од надворешни посегнувања, узурпирања, компромитација од било кој и било која соседна држава, посебно од бугарската. Во тој поглед тој е бескомпромисен, непомирлив, — кога станува збор за автентичноста на македонската борба за слобада, кон која е, речиси, к у л т н о определен.[2])

Во поткрепа на реченото, а и за да се доближиме до нашата тема ја поместуваме следнава негова сентенца, што ја зел како мото во едната од неговите брошури од 1896 година и тоа на насловната страница (на корицата):

> „На знаење на секого
> Секој којшто е за урнување и уништување на Македонската организација, или на секоја друга, којашто делува во корисна висока и света цел, е ниско и подло дело и црн предавник, не само на Македонија, но и на сите идеали и (на) судбоносното за поробеното и угнетеното човештво.“[3])

---

[1]) Историја на македонскиот народ, т. II, 1969, Скопје, 172.

[2]) Оттука Раздоловците оние што се борат за Македонија, било „внатрешните“ или што се префрлуваат во неа — ги величи како херои — од обичниот борец—четник до војвода. Посебно на оние кои ја пролеале крвта односно го дале животот, како „достојни синови македонски“ — им посветува стихови или цели стихотворби што може да се наречат песни — епитафи. Оваа тематика во неговите песни и прозни состави на места поприма ореолски белег, дури е проследена и со панегирички емотивни изливи.

[3]) „Долу султана! Да живее Македония“, София 1896, 12.

Пораката што бара и поширок и подлабок коментар (но нè и овде) се однесува секако и на ТМОРО и на Македонскиот комитет во Софија.[4])

Дури се има впечаток, дека во овие години (1895—1899), Раздолов (социјалистите, а и македонската јавност во Бугарија), како да свртува повеќе внимание на Македонскиот комитет во Софија, одошто на ТМОРО.[5]) Затоа не нè изненадува што предмет на неговите преокупации и реагирања сè уште се акциите на оние што навлегле во Македонија по налог на споменатиот Комитет, во 1895 година.[6]) Токму ова, а што се однесува до Раздолов, го наоѓаме во написот „На врвот на Руен (Осоговскиот Балкан)", во книшката „Пред измачениот лик на несреќна Македонија", издадена во Ќустендил во 1899 година.[7]) Овде тој му оддава признание на формираниот Македонски комитет во Софија, на неговите први четнички оружени акции од 1895 година, во врска со т.н. Мелничко востание и со испраќањето на чети во Македонија. Имено, Раздолов го пренесува во ирационална форма, како на сон (на врвот на Руен) божем му се јавил пред него покојниот Трајко Китанчев и како наводно Раздолов сакал „да го зарадува" дека „денешниот состав на Македонскиот комитет (во Софија — В. К.) е така енергичен, така трудољубив и верен на делото, како што бил и оној (Комитет — В. К.) на којшто тој (Китанчев — В.К.) му бил претседател во 1895 година"[8]), и дека „денешниот Комитет ќе биде Комитет, а не труп?", каков што беше (вели Раздолов) Комитетот во времето на неговиот заменик, генералот Николаев. Раздолов, пак на сон, сакал да му се „обрати" и на Мутафов[9]) „дека Комитетот денес е во рацете на млади и решителни сили, достојни на него. . ."[10])

---

4) Ова не е спорно ако се има предвид интегралниот текст на цитираното, посебно она: „. . . или на секоја друга што делува во подобна висока и света цел. . ." А во нашите натамошни наводи тоа уште повидливо се потврдува.

5) Сведоштво за ова ни е лево-ориентираниот неделник „Малешевски Балкан", издаван во Софија во 1897 година, од група Малешевци — емигранти во Бугарија, чиј активен соработник со свои прилози бил и Раздолов. Овде свртуваме внимание дека „Малешевски Балкан" категорички се застапувал за автономија, за македонска државност во поглед крајниот резултат на борбата за ослободување на македонскиот народ.

6) Имено, ова не е случајно, зашто „акцијата" за ослободување на Македонија како сè уште да е во тек, а се гаи надевањето дека народот во Македонија со тие акции од Софија (на четите) ќе се дигне на востание . . . Но, се разбира, тие надевања набргу оладуваат. . .

7) Ат. Раздоловъ, Предъ мъченическия образъ на злочеста Македония, Кюстендилъ 1899.

8) Истото, 9.

9) Бидејќи и Мутафов загинал во Македонија кај с. Габрово во Пиринска Македонија со првата уфрлена чета во Македонија од Бугарија, во 1895 година, под раководството (наводно) на Македонскиот комитет во Софија . . Види: Христо Силяновъ, Освободителните борби на Македония, Томъ първи, София, 1935, 56.

10) А. Раздоловъ, Предъ мъченическия образъ . . ., 10.

Горните неколку наводи укажуваат дека Македонскиот комитет, односно подоцна Врховниот македонски комитет во Софија, ќе претставува организација на Македонците во Бугарија, на која, според Раздолов, сè уште требало да се смета во поглед на оружената борба на македонскиот народ за ослободување.

По овие наши наводи, третирајќи ја нашава тема, нам не нѝ останува друго, освен да укажеме на мислата искажана во Историјата на македонскиот народ, дека ваквиот став спрема Комитетот (македонски) во Софија на социјалистите — Македонци во Бугарија, во кои го вбројуваме и Раздолов, се должи на тоа што тие (според тоа и Раздолов) отпрвин не знаеле кој фактички стоел зад формираниот Македонски комитет во Софија, и за задните — завладувачки — цели спрема Македонија и воопшто спрема македонското дело од страна на бугарската буржоазија.[11])

Оваа констатација е адекватна на состојбите на нештата кога би се воопштила релацијата на македонските социјалисти и Врховниот комитет. Сепак, нѝ се чини дека е присутно извесно поедноставување на ова прашање што, според нас, бара поширок третман за поцелосно согледување на истото, а и во врска со тврдењето дека „со задушувањето на импровизираната четничка провокација во 1895 година, македонските социјалисти наполно ги согледале своите заблуди,“[12]) затоа што и по оваа 1895 година, на примерот на Раздолов гледаме дека тие заблуди не исчезнале сосема.

На пример, во истиот овој напис од 1899 година, Раздолов го истакнува споменатото мото по прашањето на правилниот однос на поединци или држави спрема било која македонска организација, па и спрема Македонскиот комитет во Софија; а уште во почетокот на споменатиот напис „На врвот на Руен“, Раздолов го наведува советот на Левски (кој божем му се јавил на сон) — упатен до македонските социјалисти спрема македонското ослободително движење, односно тоа е едното од нивните идејно-политички револуционерни начела, имено:

„. . . Вие и вашите следбеници. . . што се борите *за слободата на Македонија*, треба да знаете, дека пред вашите очи има само робје и тирани — угнетувачи и угнетени. Разбудете го робот, поведете го на борба со тираните — и ќе видите, дека робот ќе победи. . .“ И натаму: „. . .Надевајте се *на себе си, жртвувајте се себе си, не очекувајте помош од разни влади, цареви или кнезови, милости добиени со дар од владите на крунисаните злосторници, се погорчливи и од најсилната пелинова чорба*“. . .“ (Подвлекол В. К.)

---

11) Историја на македонскиот народ, том II, стр. 175.

12) Истото.

13) Ат. Раздоловъ, Предъ мъченическия образ. . ., 7.

Се разбира, ова начело се однесувало и за Македонскиот комитет во Софија, при што не значело, ако и натаму се сметало на него дека се и одобрувало и настојувањето истиот да се претвори во орудие на бугарската влада и држава, на чело со кнезот Фердинанд. Имено, ова е веќе и времето кога се чувствувале, согледувале и таквите завладувачки аспиративни тенденции во однос на Македонија, за преземање и раководење со македонските организации, во случајов на Македонскиот врховен комитет, и на што в е д н а ш се реагирало на соодветен начин и од Раздолов. Така и во овој напис ние веќе наоѓаме на реагирање на таквите намери, но истовремено и на настојувањето и верувањето Македонскиот комитет да се оттргне од ова влијание и да стане таква организација што ќе се бори за вистинските и с а м о за македонските интереси.

Имено, во истиот напис, Раздолов истовремено се застапува Комитетот да се „исчисти“ од корумпирани, кариеристички и други предавнички и нездрави елементи[14] и вели дека „ние коишто го поддржуваме „Комитетот (Врховниот — В. К.)“ ... „сме принудени да го зачуваме од амбициозни, ограничени и лабилни, патриоти како од стадо волци“ и дека „раката ќе му биде пребиена на секого, па било тој да е к н е з или м и н и с т е р или било кој друг ако д о з в о л и л и ч н о д а с е к о р и с т а т о д д е л о т о“. (Подвлекол В. К.)[15])

Иако се искажуваат овие категорички барања и оптимизмот, Раздолов се впушта во смело критикување — како и неговите идејни сомисленици, социјалистите — на тогашна Бугарија и како држава и како општество, разјадувана и со партиски борби, корупција, а ја наречува и „Фернандија“ врз која вјавнал „еден раскошен кнез — ненаситен на злато“ којшто го оголува бугарскиот народ.[16]) Но во своите попусти надевања оди до таму што верува дека доколку „партизанските страсти“ во Бугарија

---

[14]) Имено, Раздолов не им останува должен и во 1899 година на оние што веќе се експонирале како спроводници на великобугарската политика во Врховниот македонски комитет.

Имено, уште тогаш тој удира по кариеризмот на Македонците — емигранти, кои користејќи го македонското прашање односно борбата на македонскиот народ за ослободување, — се добрале до високи положби во бугарската администрација, дворот и се искачиле до врвовите на бугарското општество.

Тој е свесен и констатира дека секој (мислејќи за во Бугарија) „настојува да го експлоатира македонското дело за лични привилегии“, каков што бил споменатиот заменик на Китанчев, генералот Николаев „којшто го употребил Комитетот за скала, по којашто се искачил и ги достигнал кнежевските јасли, каде што денес спокојно ја ниша торбата и ги влече генералските шалвари, за сметка на поробена Македонија. „(Пред мъченическия образъ. . . , 9).

[15]) Истото, 9.

[16]) Idem.

стивнат посебно за време на изборните борби, претставниците на владата и опозицијата треба „братски да се прегрнат“ кога „станува збор за македонското дело“ и „дружно да водат борба за македонската слобода“ — иако признава дека малкумина се такви луѓе во Бугарија.“[17])

Меѓутоа, и покрај ваквата неповолна положба во Бугарија, верува во македонското дело, бидејќи „борбата не запира... и оди кон својата цел, и постојано вовлекува млади и чесни сили“; и што „нејзините... редови постојано се пополнуваат со борци, од искрените синови на несреќна Македонија“; уверен е дека „во тој однос“ не помалку се одликува и младото офицерство, коешто „незаразено“ од валканите партизански борби „се фрла... за да му помогне на робот!“ Дури се надева дека тоа „младо офицерство“ ќе вовлече со себе си во таа борба, и мнозина од „Архиереите“ — како што ги наречува вишите офицери — на коишто, како тој акцентира — „саканата татковина им се еврејските банки.“[18])

Овие негови медитирања и гледања, особено со офицерството во Бугарија, доаѓаат и оттаму што смета и на можноста Македонија да се ослободи и преку воена интервенција на Бугарија (а и другите балкански држави) против Турција.

Ваквите надевања несомнено се објаснуваат и со залагањето на Раздолов во Бугарија сѐ што е чесно да се вклучи и несебично, братски и искрено да ја помогне борбата на македонскиот народ за слобода.

При тоа е значајно што е Раздолов дистинктивен меѓу народот и владеачките слоеви во Бугарија, посебно во поглед на односот спрема македонското ослободително движење, истакнувајќи дека „целиот народ е готов и кошулата да си ја даде за слободна Македонија“, меѓутоа, „неговите водачи, преку неговиот грб гледаат кој ќе заземе попредно место на државната трпеза...“ и „секој водач“ водејќи со себе си цели толпи „претпоставува да го изберат во Собранието за да прима неделно 20 лева и да стане министерски папагал“ одошто да стане член на Македонската организација, што „го смета за глупост...“[19])

Овие настојувања му се позитивни зашто како социјалист по своето убедување и тој бил должен да се бори и да се застапува — заедно со останатите социјалисти и други прогресивни групи во Бугарија — во оваа држава да се надминат социјалните и политичките спротивности и неправди, таа да се претвори во народна република со понапредно (социјалистичко) општество. Во таква Бугарија, ќе дојдат до израз добронамерните „чесните“ и „младите луѓе“ — доброволци што го сакаат и искрено и

---

17) Idem.
18) Idem.
19) Ibid., 10.

несебично се приврзани на делото за слободата на Македонија, односно ќе биде премавната политика на владеачките кругови на чело со кнезот што е спротивна на вистинските интереси и желби на Македонците.

Од ова заклучуваме дека социјалистите Македонци што тогаш делувале во Бугарија, меѓу кои спаѓа и Раздолов, во поглобалната своја стратегија и тактика, во борбата за демократска и републиканска Бугарија ја поврзувале и со сознанието дека тоа ќе создаде подобри услови за ослободување на македонскиот народ, и дека тоа ќе овозможи и ослободена Македонија да стане република со демократски, социјалистички поредок.

Со наведеното се објаснува и противречноста што и покрај увидот и критиките што ги упатува на адреса на личностите кои го раководат Врховниот македонски комитет и врвовите на бугарската држава на чело со Фердинанд — по однос на нивната политика према Македонија, — Раздолов сепак, не раскинува односно има одредени надевања во Комитетот во Софија. Имено, оваа контрадикторност е релативна. Зашто, како што е изложено погоре, Раздолов се бори и верува дека ќе дојдат подобри времиња во Бугарија, а и за Комитетот за кој станува збор.

И покрај сложеноста на односите и состојбите, посебно во тогашна Бугарија, сепак, ние можеме да укажеме дека од горното произлегува дека Раздолов и *тогаш* бил всушност п р о т и в политиката што ќе биде именувана како в р х о в и з а м. Иако сè уште бил за натамошно постоење на Комитетот (а сигурно е дека и по ова прашање не бил солитер меѓу своите земјаци социјалисти), но тоа било у с л о в е н о т.е. Раздолов настојува, се бори за во тој Комитет, посебно во неговото раководство да се наоѓаат искрени личности и некариеристи, односно тој верува дека само под таков услов и во демократска Бугарија „Македонскиот комитет" ќе игра позитивна улога.

Но се разбира, во текот на натамошниот развој на македонската борба за слобода и воопшто на настаните околу Македонија, кога и натаму во уште поизразити форми се експонирала и потврдувала аспиративната политика што се водела преку Врховниот комитет во Софија спрема ослободителното дело на Македонците, особено со сознанието: кои и какви личности и натаму стоеле на чело на овој Комитет, Раздолов неодложно и мошне остро, безрезервно ја разоткрива и тоа пред ј а в н о с т а, природата и укажува на лошите последици од таквата политика на бугарските политички кругови на чело со кнезот Фердинанд.

Во ова се уверуваме од неговата позната брошура издадена во 1901 година под наслов „(Генерал) Цончев или (Поручник) Сарафов?"[20]) во која го наоѓаме пообразложен неговиот став спрема врховизмот.

---

[20]) (Генералъ) Цончевъ или (Поручикъ) Сарафовъ ?, София, 1901.

Како базичен изворен ориентир за нашата тема, во овој негов напис, којшто всушност е „Одговор(от) на едно другарско писмо, испратено од Македонците што живеат во Америка“[21]) — во 1901 година т.е. кога македонското ослободително дело е во своето разгорување (пред дури врховистите да се уфрлат и делуваат во ЦК на ТМОРО) т.е. пред Илинденското востание, Раздолов ни се претставува како еден од оние македонски интелектуалци, којшто ангажирано, јавно, отворено и бескомпромисно камшикува по таа опасност, по сопирачката на нашето ослободително движење, по врховизмот.

За ова сами по себе говорат неговите ставови и оценки за Комитетот. Имено, како мото (по неговиот познат манир) не случајно од текстот на написот ја издвојува и поместува на насловната страница, следнава негова определба (карактеристика) за Македонско-Одринскиот комитет (како што тој го нарекува) во Софија: Македонско-Одринската организација во слободна Бугарија, сега личи на една одвратна кал, во којашто 'револуционерните' заби на разни гласови си ги пеат 'патриотските' песни.“[22])

Тој сега во 1901 година наоѓа и соопштува дека „Македонско-одринската организација во Бугарија“ стоела “на гнили основи, покриена со темна магнетна завеса“, којашто сега се тргна така што „одвратните дамки на сите актери — 'револуционери' — засветеа со целата своја грозотија што не може да се опише.“[23])

Во духот на ова и често практикуваниот манир при пишувањето, тој ги издвојува и именува на насловната страница (корицата) — што секако не е случајно — Цончев и Сарафов, прикажувајќи и поентирајќи ги како орудија на дворот, на Фердинанд. Имено, изразувајќи го своето мислење, а и на македонската емиграција во Бугарија, чиешто расположение — и не само тој — го изразува, а што е за нас од посебно значење, Раздолов смета дека Цончев не може да биде, да го употребиме неговиот збор, опесуник (читај: старател) над македонското движење за ослободување.

Раздолов е овде најсилен и најдострелен во поглед октривањето, илустрирањето и укажување суштината на врховистичката или државната политика на бугарските властодршци спрема Македонија. Тој отворено пишува: „Ете одошто се плашат дејците за македонската слобода, и мнозина денеска мислат, дека зад девизата ,Македонија на Македонците' се крие сакањето на генерал Велчев, којшто при празнувањето јубилејот на априлското востание се искажа оти сака да го види кнезот Фердинанд цар на Македонија т.е. проширување на Бугарското царство (се мисли на Санстефанска Бугарија — В.К.) што силите со не-

---

21) Ibid., 5.

22) Ibid., 1.

23) Ibid., 6.

чувена брзина го уништија..."[24]) „Еве зашто (по ова заклучува Раздолов за Цончев) *сегашниот Комитет нема да оздрави.*"[25]) *Подвекол* В.К.).

Раздолов натаму отфрла секакви комбинации и соништа за „велика Сан-Стефанска Бугарија", ниту за можноста „кнезот Фердинанд да стане цар на Македонија". По аналогија тогаш, вели Раздолов, и Србите ќе го посакаат царството на цар Душан, грците Голема Елада, а Македонско-Одринските борци сонуваат за уште поголемо царство, и тоа не она за Александар Македонски, туку за една балканска федерација."[26])

И покрај ова Раздолов не е за ликвидирањето на „Македоно-Одринскиот комитет" во Софија, но со оглед на тоа што веќе

---

[24]) Ibidem, 8.

[25]) Ibidem.

[26]) Idem, 11.

Како едно од средствата дека Македонците во свеста ја имаат присутна паролата „Македонија на Македонците", укажуваме дека ова програмско начело на борбата за ослободување, се провлекува како црвена нишка на страниците и на споменатиот неделен весник „Малешевски Балкан". Овде го наведуваме ова бидејќи нашиов прилог е посветен на личност која што потекнува од Малешевскиот крај. Така, во својот прв број од 1897 година, на стр. 1—2, во написот под наслов *„Врз кои принципи треба да се засновува нашата дејност?"*, од неговиот уредник Ѓорѓи Алексов се укажува дека врз Македонија мнозина претендираат и „... сите велат дека била нивна земја... бидејќи меѓу Македонците има и нивни поданици! Жалосни претензии. Но ние сме чуле ... дека во Виена има на стотици Македонци... и дека во Бугарија скоро половината од населението на главните градови е македонско, дека во Србија десетици македонски младинци ги посетуваат училиштата..." Според таа логика, пишува авторот, тие земји треба да бидат македонски, односно ако се приложи таа логика и врз другите држави далеку тоа би одвело, за потоа да подвлече: „Меѓутоа, нека разберат еднаш засекогаш тие псевдопатриоти, дека Македонија е земја чисто македонска, и како таква таа не може да биде (друга) освен Македонска. Македонија на Македонците, тоа ќе биде еден од нашите први принципи врз кои ќе се бориме против едно зло (се мисли на османското ропство — В.К.), за да го замениме со друго (ропство — В.К.) не помало од него, би значело осмислен злочин. Да жртвуваме реки крв и несреќи само за да замениме еден крвник — цар (се мисли на султанот — В.К.) со друг тиранин, крал... е најтежок престап. „Не се сомневаме дека овие наши погледи ќе ги возбудат жолчките на не малку самозвани заштитници на измачениот, угнетениот и поробениот несреќник Македонец, но ние нема ниту за минута да се поколебаме за да го откриеме сиот мрак и небрежноста, коишто ги тераат на слични размислувања" (во смисла на завладување или дележ на Македонија — В.К.) — „Малешевски Балкан", год. I, бр. 3 София, 1897, 1—2.

Во смисла на реченото во „Малешевски Балкан" е објавено и познатото писмо на В. Е. Гледстон од 1 јануари 1897, кое наишло на широк публицитет во напредниот македонски печат, и со кое тој не само што ја афирмира основната и вистинската македонска кауза („Македонија на Македонците"), туку и дава не само британски и европски, туку светски димензии и популарност сред широките прогресивни кругови. А актуелноста на оваа девиза, што ја истакнува и образложува Гледстон, го афирмира на времето како зрел и проникнлив политичар. За ова види и кај: Х. А. Полјански, Велика Британија и Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 5—6 (31—32), Скопје, 1979/80, 39—40.

ја истакнува како раководна и револуционерна, односно борбена и авторитетна онаа во Македонија, — „Македоно-Одринската организација“ овој т.е. Врховниот македонски комитет во Бугарија треба како што вели тој — „да се задоволи *с а м о* со својата христијанска, морална и материјална помош, но *не и да се меша*, во револуционерната работа (пест) на македонскиот роб.“[27]) (Подлекот — В.К.).

Натаму, на страница 14, предупредува дека доколку „ова не се *р а з б е р е*, Македонија и ќе губи и не, но никогаш слободна Бугарија нема да го исполни својот долг спрема поробените браќа.“ Ете зошто, според Раздолов, на „Македонско-Одринскиот комитет“, му остануваат два патишта: или да се задоволи само со „епитропската си должност“ — собирање пари и директно да ги дава на робот или пак *да престане со својата функција,“*[28]) за да го најави и натаму односот т.е. што да се прави, — заклучувајќи по ова прашање дека: „Ако Комитетот се задоволи само со зајакнувањето на својата каса, должни сме да го подржуваме сите. . . *Ако пак сака да се меша во внатрешните работи на организацијата во Турција т.е. (ТМОРО — В.К.), сите сме должни да помогнеме за неговото блармирање.“*[29]) (Подвелокл В.К.)

*

* *

За некои од гореизнесените, како и за неискажаните општи определби за врховизмот може да ни се забележи дека не се нови.

Меѓутоа, што се однесува до Атанас Раздолов, од Македонците коишто живееле и делувале во Бугарија, тој е еден од првите коишто *јавно* и *перманентно* е ангажиран во борбата против оваа негативна појава во ослободителното движење на македонскиот народ во означеното време.

При тоа е карактеристично што на неа Раздолов укажува преку полтронството, себичноста, кариеризмот, користољубието на *л и ч н о с т и т е* — носители на таквата политика, разобличувајќи ги *с м е л о* пред прогресивната македонска емиграција во Бугарија, демократската јавност во Бугарија, во Македонија,[30]) а и сред нашето иселеништво во Северна Америка.

При тоа укажувал на буржоаскиот карактер на бугарската држава и ги разобличувал: амбициозниот и алчниот кнез Фердинанд и неговиот гнил антураж, а особено нивната завладувачка политика спрема Македонија.

---

27) Ibid., 12—13.

28) Ibid., 14.

29) Idem.

Откако јасно се согледувала таквата политика, со посебен ентузијазам и жар се нафрлува против неа и доследен во својот став не се откажал од осудата на нејзините негативни последици за македонскиот народ и по Балканските војни.

Со своето оружје — пишаниот збор (во стих и проза) Раздолов е достапен — разбирлив за широк круг читатели, и со изборот на а к т у е л н а тематика: *на прво место и директно*, без влакна на јазикот, ја насочува острицата на своето перо, против *сè она* што имало за цел да го разбива, да го користи, односно што имало задни намери, завладувачки апетити, спрема македонското—според него — „свето" дело за слободата на Македонија, почнувајќи од обичните предавници па до корумпираните владетели!

Ако Раздолов бил против корумпираниот Врховен комитет во Софија и завладувачката политика спрема Македонија што се водела преку него од страна на бугарските државници на чело со кнезот — се поставува логичко прашање: дали е тој на страната на централистите?

Нашиот одговор би бил дека Раздолов, од една страна, на висок пиедестал ги крева е т и ч к и т е начела. Него го интересира моралната личност, ангажирана односно вмешана во таа борба; од друга страна, пак по принцип бил *против партизанството* во македонското ослободително движење. Тој е посебно револтиран од таа појава, особено во годините 1903 и по неуспешното Илинденско востание, што тоа го изразува во песната „Доста веќе. . .", објавена во 1903,[31]) и уште повеќе во стихотворбата „Безгласна песна на македонското 'свето' дело", објавена во 1904 година.[32])

Меѓутоа Раздолов, особено во времето на размавнувањето на националноослободителната борба во Македонија, како резултат на јакнењето и дејноста на ТМРО, ф а к т и ч к и застанува на нејзина страна, и ја поддржува, — како што и самиот се изразува, како револуционерна.

Димензиите на неговата борба можеме да ги согледаме ако си припомнеме дека Раздолов се формирал како интелектуалец во Бугарија, каде што нараснувале апетитите на бугарската буржоазија на чело со кнезот кон Македонија. Но поправо таму се издигнал дотаму што не само што ја изложувал својата слободољубивост и — во основа социјалистичката (и тоа пред Октомвриската револуција) — идејно-политичка определеност кон посправедли-

---

30) На пример, неговата соработка со Гоце Делчев, којшто препорачувал неговите збирки на песни и книшки да се прифаќаат и растураат во Македонија.

31) „О стига вече!", Бунтовни песни на революционера — емигрантъ Яамболъ, 1903, 8—9.

32) „Безгласна песень на македонското 'свето' дело", во „Злото въ македонското свето дело", Сливенъ, 1904, 1—6.

во неексплоататорско општество, за републиканизам и сл., туку што во периодот на траењето на интензитетот на великобугарската националистичка еуфорија, којашто посебно во однос спрема Македонија ги зафатила владеачките и опозиционите буржоаски и воени кругови во Бугарија, поправо во една таква средина успеал неуморно да делува и да отстојува до крај, и при тоа не само да ги изразува и проповеда стремежите за самостојноста, за посебноста на интересите на македонскиот народ, на Македонија, за еманципација на нејзината борба..., туку и посебно што во таа средина во борбата за слободна, независна и со своја републиканска државност — Македонија ги разобличувал, критикувал и тоа јавно не само лошите Македонци од емиграцијата — туку *смело и оние сили и тоа среде* Бугарија — што стоеле на чело на таа држава, кои ја заговарале и ја поттикнувале завладувачката политика спрема неговата татковина Македонија, кои фактички го запирале ослободителното дело на македонскиот народ.

Преку него како да реагирал здравиот народен македонски инстинкт.

Историјата за многу нешта му дала за право.

И на крајот останува нашиот заклучок во духот на воведниот дел од прилогов, дека неговиот живот и дело или неговиот пример е своевидно сведоштво дека Македонците се застапувале за свои — македонски интереси, за својата судбина, со упорна, корава и неуништива желба и борба за своја сопствена, македонска, слобода, за македонска државност.[33])

Voislav D. KUŠEVSKI

## ABOUT THE ATTITUDE OF ATANAS RAZDOLOV TOWARDS SUPREMISM


### Summary

The attitude towards Supremism was a key political polarisation, before all, to the engaged personalities of the Macedonian liberation movement from the end of the XIX and the beginning of the XX century. The opposition and fight against this evil also meant a certain affirmation of the individuality, of the national feature of this movement in that period.

Living and acting in Bularia, the socialist Atanas Razdolov (from Berovo) is one of the first Macedonians who fought for the individuality of the Macedonian struggle and its high ethnic prin-


---

33) Посебно сведоштво за тоа е и неговиот книжевен, поетски опус, со теми како што е „Црвен барјак", „Македонија е наша скапа, и мила татковина" и слични бројни патриотски емотивни изливи.

ciples by his poetry and prose. He directed the sharp part of his pen against all those who had an aim to develop the unity of the organised warlike forces of the Macedonians.

Razdolov has done it during the intensive great Bulgarian nationalistic policy, which especially concerns Macedonia, took the leading and not a small part of the opposing bourgeoise military circles in Bulgaria. There, he both exposed his socialist and ideological outlooks (before the October Revolution in Russia) proposing the emancipation of the struggle for freedom and for a republic independance of the Macedonian people, and at the same time *directly and with courage at the proper place* he placed under violent critics not only to bad and corrupted Macedonians — Supremists and those forces heading the state who stimulated the conquering policy towards his fatherland — Macedodonia. They in fact were stopping the liberation act of the Macedonian people beginning from the corrupted carreerists — the high military officers, not exoluding even the Bulgarian prince i.e. king Ferdinand.

From all the above mantioned we can face the following of his fight and act.

The life and activity of Atanas Razdolov are a testimony that the Macedonians were fighting for t h e i r own benefit, for their own Macedonian freedom and statehood.